# Наши шуми

БРОЈ 79. АПРИЛ, 2021

ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ




фото: Мирза Ченгиќ
национални
шуми
во партнерство со природата

Наши шуми

ISSN 1409-785



## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО



ЈП"Национални шуми" користењето на шумите го врши плански согласно Посебните планови за стопанисување со шуми, на начин кој обезбедува трајно и постојано зголемување на нивниот прираст и принос како и зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции кои се во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина.

## D-R BERAT DEHARI, ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР ВО ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ



Со Одлука на Управниот Одбор на ЈП Национални шуми, на ден 16.12.2019 година, за заменик директор на ЈП Национални шуми е избран D-r Berat Dehari, правник по професија, Доктор по бизнис администрација со докторат стекнат на Универзитет Американ колеџ -Скопје

## РЕПОРТАЖА



На покана од раководителот на Подружницата ШС "Бор"-Кавадарци, дипл.шум.инж. Марјан Иловски, ја посетивме подружницата каде што затекнавме - зграда со целосно нова фасада, убава и подготвена да ги дочека следните 20-30 години. Тука зборуваме за надворешниот изглед (фасадата), новиот покрив и останатите промени кои се направени, со што се добиени далеку подобри и посовремени услови за вработените.

## ШУМСКИ ПАТИШТА



Пандемијата која трае веќе цела година во голема мерка ги поремети вообичаените начини на работа и под итно требаше да се реагира со приспособување на новите услови на работа, и наоѓање начин на избегнување на секојдневна опасност од евентуална зараза со Ковид 19, а се однесуваше пред се, на менување на начинот на менаџирање со расположивиот човечки потенцијал, негово следење и ангажман на вистинско место.


04 БЛИЦ
07 ЕДИТОРИЈАЛ
08 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
13 ИНТЕРВЈУ
18 РЕПОРТАЖА
23 ПОШУМУВАЊЕ
25 МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ШУМИТЕ
26 ПАТИШТА
29 ЈУБИЛЕЈ
31 IN MEMORIAM
33 АКТУЕЛНО



**Весник на ЈП за стопанисување со шуми Национални шуми**
**Издавач:** ЈП Национални шуми • За издавачот*:* Јулиана Николова, директор
**Главен и одговорен уредник:** Соња Никчевиќ
**Редакција*:*** Соња Никчевиќ • **Издавачки совет:** Јулиана Николова, d-r Berat Dehari, Гордана Серафимовска, м-р Гоце Николовски, м-р Маре Басова, Марија Срезовска-Матевска, Николчо Киров
**Компјутерска подготовка:** Графо Пром
**Адреса*:*** ЈП Национални шуми, ул. Перо Наков 128, Скопје-тел. 02/2581 080-факс 02/2581 824
**maksumi@mkdsumi.com.mk • www.mkdsumi.com.mk**

## БЛИЦ 01 ЈУЛИАНА НИКОЛОВА, ДИРЕКТОРКА НА ЈП "НАЦИОНАЛНИ ШУМИ"

**На состанокот на Управниот одбор на ЈПНШ, одржан на 17.12.2020 година, за вршител на должност -Директор на "ЈП Национални шуми "–Скопје, се ИМЕНУВА Јулиана Николова**
**.**



**Јулиана Николова** е родена 1975 г. во Велес, каде завршува основно и средно образование. Дипломира на Природно - математички факултет, отсек Информатика.
Работни ангажмани - професор по информатика во Гимназија "Јосип Броз Тито" - Скопје, истовремено ангажирана на повеќе полиња како асистент, рецензент и учесник во работа на стручни проекти од областа на заштита на податоци.
Еден мандат Пратеник во Собранието на РСМ, активен член на комисиите за Европски прашања, Образование, заменик член во Надворешни работи и Прашања на Избори и именувања. Претседател на групата за соработка со Балтичките земји.
По завршување на мандатот, работи во Кабинетот на Министерот за локална самоуправа. Од декември 2020 - ВД Директор на "Национални шуми".

## БЛИЦ 02 ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ ОД БЕСПРАВНИ СЕЧИ НА ИНСТИТУЦИЈАЛНО НИВО

На иницијатива на Љупчо Николовски - заменик на претседател за борба против криминал, одржлив развој и човечки ресурси, е одржан состанок за заштита на шумите од бесправни сечи. Нелегалната и неконтролирана сеча на шумите претставува сериозна закана врз еко-системот и намалување на шумскиот фонд. На состанокот учествуваа Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Сашо Тасевски, директор на Бирото за јавна безбедност, Аница Симонова, раководител на Сектор шумска полиција, Јулијана Николова, генерален директор на Национални шуми и Саша Јовановиќ од секторот за шумарство и ловство при МЗШВ разговарано е за моменталната состојба и се детектирани проблемите и недостатоците со кои се соочуваат институциите. На состанокот е формирано координативно тело составено од членови од сите надлежни институции кое во најкус можен рок ќе започне со подготовка на системски мерки со цел конечно решавање на состојбата со бесправното сечење на шумите. Со комплетно нов и дигитализиран систем и екипирање на институциите се става крај на оваа појава и се спречува криминалот со неконтролирана сеча и нелегална продажба на огревно дрво.





## БЛИЦ 03 ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА МЕЃУ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЈПНШ-МЕПСО

На 24.02.2021.се одржа работна средба меѓу генералната директорка на ЈП Национални шуми Јулиана Николова и заменик директорот на ЈПНШ д-р Berat Dehari, со генералниот директор Kushtrim Ramadani, од страна на МЕПСО А.Д. На средбата се разговараше за деталите околу меѓународниот проект за изградба на Далекуводите-Битола-Ресен-Охрид, кои претежно ќе минуваат низ шумите во овој дел.
Одговорностите и обврските кои произлегуваат од овој проект беа главна тема на оваа работна средба на двете институции.




## ОДРЖАН КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК

БЛИЦ 04

Во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 03.03.2021 година, беше одржан координативен состанок на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Arjanit Hoxha, заменикот директор на ЈП Национални шуми d-r Berat Dehari, раководителот - директор на ПШС Беласица -Струмица, неколку еколошки здруженија кои работат и се активни во источниот регион на РСМ . На состанокот е договорено, да се преземат активности од страна на ПШС Беласица -Струмица со претставници од локалната власт, за изнаоѓање решение за спорот со месното население од с. Старо Коњарево, општина Ново Село на границата со Р Бугарија, за изградба на предвидениот шумско камионски пат во одделите 1 и 2 во ШСЕ Беласица I.





## УШТЕ ЕДНА УСПЕШНА АКЦИЈА ЗА СУЗБИВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ СЕЧИ

БЛИЦ 05

Во координирана акција помеѓу полициски службеници од Полициска станица Радовиш и вработени во Јавното претпријатие „Национални шуми“ подружница ШС Плачковица - Радовиш на две локации, една на место викано „Еланица“ на планина Плачковица и на место викано „Градска река“ радовишко, биле затекнати пет запрежни возила управувани од С.Ф. (40), Б.А. (30), Б.Б. (52), М.Ф. (40) и С.Б. (30) сите од Радовиш. Лицата превезувале бесправно исечени огревни дрва.Според надлежностите, запрежните возила со дрвата се одземени и пренесени во кругот на ЈП „Национални шуми“ подружница Плачковица - Радовиш, а по документирање на настанот против 5-те дрвокрадци ќе бидат поднесени соодветни пријави. Ова е една од низата успешни акции на радовишката полиција во сузбивање на дрвокрадството. Пред само 4 месеци беше спроведена слична акција кога беа лишени од слобода 3 лица од Радовиш поради кражба на дрва и одземени 4 автомобили. Шумочуварската служба на ЈПНационални шуми е редовно на терен и во соработка со останатите надлежни институции ја продолжува засилената контрола против бесправните дејствија во шума за спречување на криминалот со неконтролираната сеча и нелегалната продажба на огревно дрво.







## БЛИЦ 06

### ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ-СКОПЈЕ ДОБИ СЕРТИФИКАТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Сертификатот го доделува Здружението за истражување, анализа, стандардизација и сертификација ИААС –Скопје. Сертификатот е со важност од 2 години. Сертификатот е доделен за интеграција во sertifikat.eu.mk,електронски систем за сегментација на правни субјекти кои се општествено одговорни и за кои се дава препорака за користење на нивните производи/услуги, сега и во иднина!
Ова е една од придобивките на ЈП Национални шуми на полето на општествена одговорност, како резултат на извршената анализа на Здружението за општествена одговорност.
Со направената анализа на компанијата е опфатена грижата за вработените, грижата за животната околина, посветеноста за напредок на општеството, како и позитивниот пристап во соработка со трети компании. Со овој сертификат, ЈП Национални шуми станува дел од семејството на сертифицирани субјекти во државата. Ова семејство брои над 3000 членови кои се во регистерот на сертифицирани компании. Овие компании го запазуваат стандардот за општествена одговорност, кој е стандард за систем за управување и ги одредува перформансите на деловните субјекти во девет области, кои се од клучно значење за општествената одговорност во работните средини и обезбедува континуирано подобрување во сите области.




## БЛИЦ 07

### ЈП "НАЦИОНАЛНИ ШУМИ"ЌЕ УПРАВУВА СО ЗАШТИТЕНОТО ПОДРАЧЈЕ НА ДЕЛ ОД ОСОГОВСКИТЕ ПЛАНИНИ



Со донесувањето на Одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17.11.2020 година за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата V заштитен предел со кој ќе управува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми ЈП"Национални шуми" се реализира долгогодишната заложба и непрекинати активности на Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов при ЈП Национални шуми во целиот овој процес. Секторот од самиот почеток беше вклучен во сите расправи, преговарања, договарања и носење одлуки во врска со голем број на прашања и проблеми од сите засегнати страни, кои произлегуваа во текот на самиот процес на прогласување. Ова Одлука претставува голема одговорност и предизвик за нас како ЈП, но со тоа од друга страна се дава можност за отварање нови области за унапредување на нашето работење во насока на одржливо користење на ресурсите и подобрување на состојбата на теренот. Со интегрирано управување и одржливо користење на природните ресурси ќе се зачуваат и унапредат сите природни вредности, биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејсажните, пределните и другите природни убавини заради кои ова подрачје е прогласено за заштитен предел. ЈП е подготвено да ги преземе сите обврски за управување со заштитено подрачје на Осоговските Планини бидејќи располага со материјални и човечки ресурси кои се неопходни за спроведување на идните активности и процеси во Заштитеното подрачје. Во оваа насока, ЈП„Национални шуми" очекува да се зајакне соработката со МЖСПП на полето на заштитата и унапредувањето на природата во Република Северна Македонија. Исто така, очекува искрена соработка и обезбедување на финансиска подршка од МЖСПП во сите чекори кои следат понатаму за успешно воспоставување и водење на заштитеното подрачје на Осоговските Планини. ЈП„Национални шуми" изразува искрена благодарност на заложбите на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија (ПЗП), Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) Фармахем Скопје, Македонско еколошко друштво , МЖСПП и други домашните институции и општини, кои ја поддржаа целосно реализацијата на проектот за заштита на Осогово и воедно го поддржаа ЈП„Национални шуми" да биде управувач на Заштитеното подрачје на дел од Осоговските Планини.

# ЧОВЕКОТ Е КАКО СТЕБЛО- ЗЕЛЕНО ИЛИ СУВО, ЗАВИСНО КАКВИ ЗБОРОВИ ИЗГОВАРА



*Најчесто и не забележуваме дека комуницирајќи со другите луѓе, користиме или преземаме, најчесто јазични шаблони со "признаци" на литературен јазик. Неретко и ние самите (доколку литературата не ни е професија), создаваме нови јазични облици и соодноси.*

*Значи секој човек, повеќе или помалку, пие од изворот на литературата - што е добро. Добро е за него, а и за културната и животната заедница на која и припаѓа. Што би бил денес човекот и што би правел човекот да не се потпира на литературата во овој свет и окружување кои немаат никаква врска со убавиот збор и благородноста на зборот. Човекот постојано се служи со симболи и метафори, метоними, пароболи, хиперболи, епитети, парафразира и компарира.*

*Секојдневно, преку комуницирањето, несвесно е во рамките кои ги определува (или дозволува) литературата. Затоа може да се каже дека на човекот, литературата му е судбина. И не само да се каже, туку и да се потврди, зашто човекот е културносоциолошко битие кое се остварува преку јазикот и со посредство на јазикот, а јазикот е дел од моќниот духовнојазичен тоталитет кој се вика книжевност, тоталитет во кој човекот како духовно, антрополошко, естетско и пред се дихотомично битие, може најмогу да се оствари.*

*Не постои животна ситуација, каде јазикот не е, па дури и оној секојдневниот, во функција на книжевноста. Токму затоа, се поставува прашањето: Со каков јазик зборуваме денес? Ако се земе предвид јазикот на медиумите, политиката, па и јазикот на секојдневието, кој неизбежно е под влијание на јавното изразување - резултатот е поразувачки!*
*Скоро на сите нивоа, денес се служиме со расипан, нечист јазик, не почитувајќи ја традицијата, јазичната матица која ни ја оставиле предците. Ги кршиме и не ги почитуваме правописните и стилските, книжевно - естетските и книжевно - историските норми на мајчиниот јазик. Се загадува јазичната, духовната и вкупната социокултурна екологија, а со тоа, посредно, и екологијата во природата. Ако се послужиме со книжевна терминологија, може да се каже дека човекот е стебло, а зборовите - лисја. Кои и какви зборови употребува, такви му се лисјата. Ако зборовите му се чисти, природни, сочувани од говорната расипаност, далеку од молците на медиумите, улицата и поли тиката - лисјата ќе бидат зелени, свежи и сочни. Ако зборовите се расипани, гнили, неправилни и туѓи - лисјата се суви, а оној кој ги употребува е само суво стебло, без животен сок и свежина, стебло од кое лисјата отпаѓаат и ја загадуваат животната средина. За последиците, за жал стануваат свесни идните генерации, а тогаш е веќе доцна. Човекот кој неправилно, погрешно јазично се изразува, во најчест случај така и размислува, а така и постапува. Замислете човек со вакви особини: со нечиста душа, груб, несвесен за својот историски и културен идентитет, преокупиран само со телесни уживања и парично - материјални вредности, човек кој не е способен да го почитува непроценливото јазично богатство, бесплатно добиено во наследство. Замислете го таквиот човек на одговорно работно место во било која област! Замислете го таквиот човек како директор на градско зеленило, шумско стопанство, на ловечко или риболовно здружение, директор на зоолошки иститут или како претседател на еколошко здружение. Да не зборуваме дека токму таков човек може да биде министер за екологија, шумарство, земјоделство или туризам - подалеку да не одиме! Тешко на природата и животната средина на луѓето со таков човек! Екологијата на јазикот, а и нашата еколошка свест ни налага да си го почитуваме јазикот наш насушен, да говориме и мислиме здраво и чисто без непотребни заемки од т.н. светски и глобално застапени јазици. Само така ќе бидеме во дослух со исконската убавина на природата. Само така ќе го манифестираме нашето ментално здравје и свест, зашто, да се вратиме на почетокот - онакви сме како што се изразуваме, а се изразуваме како што мислиме. Или говориш со свеж, зелен, жуборлив тон, ја будиш природата и поттикнуваш на создавање, или шушкаш како суво лисје и како пресушен поток поминуваш низ животот, оставајќи зад себе пуст и оголен пејсаж!*

*Соња Никчевиќ*

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОД 07-12 МЕСЕЦ, 2020 ГОДИНА

ЈП"Национални шуми" користењето на шумите го врши плански согласно Посебните планови за стопанисување со шуми, на начин кој обезбедува трајно постојано зголемување на нивниот прираст и принос како и зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции кои се во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина. Заштитните функции на шумите се остваруваат преку заштита на земјиштето и други објекти од ерозија, влијание на водниот режим и режимот на ерозивните наноси, заштита на хидромелиоративните системи и објекти, заштита на населби и објекти од јавен и локален интерес во државна и приватна сопственост. Производните функции на шумите се во насока на производство на дрво и други производи од шумата.

**Сеча на дрвни сортименти**

Во периодот од 07-12 месец 2020 година извршена е сеча и изработка на 288.348,30 $м^3$ вкупна дрвна маса, од што на техничко дрво отпаѓаат 53.190,42 $м^3$ или тоа е 65% од планираната динамика за техничко дрво, а на огревно дрво 235.157,88 $м^3$ или 73% од планот за огревно. Споредено со планираната месечна динамика за сеча од Програмата за работа за периодот од 07-12 месец 2020 год. произлегува дека на ниво на ЈП сечата е извршена со 72%. Во вкупно посечената дрвна маса влегува и дрвната маса на пенушка во вкупна количина од 51.966,80 $м^3$, од што на техничко дрво отпаѓаат 1.717,16 $м^3$, а на сеча на огревно дрво од страна на физички лица во државна нискостеблеста шума отпаѓа 50.249,64 $м^3$.
Споредбените податоци за извршените работи во фазата сеча со истиот период во 2019 год. покажуваат дека индексот на остварено е 0,97 или сечата е намалена за 3% или во апсолутен износ од 9.057 $м^3$.

**Дотур на дрвни сортименти**

Во периодот од 07-12 месец 2020 година дотурени се вкупно 165.434,10 $м^3$ или 48% од планираната динамика за дотур на вкупна дрвна маса, од што 37.756,82 $м^3$ или 44% од планираната динамика на техничко дрво за дотур, а 127.677,28 $м^3$ или 49% од планираната количина за дотур на огревно дрво. Споредбата со истиот период во 2019 год. покажува дека индексот на остварено е 0,83, а тоа значи дека дотурот на вкупна дрвна маса е намален за 17% или во апсолутен износ за 34.828 $м^3$.

**Превоз на дрвни сортименти**

Во периодот од 07-12 месец 2020 год. извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 77.157,56 м3, односно превезени се 30,30 $м^3$ техничко дрво со сопствени камиони и 77.127,26 м3 огревно дрво или тоа е 35% од планираната динамика за превоз на огревно дрво.
Споредбата со истиот период во 2019 год. покажува дека индексот на остварен превоз на вкупна дрвна маса со остварена продажба од шумски склад е 0,79, или превозот со остварената продажба од шумски склад е намален во апсолутен износ за 51.892 $м^3$. И оваа година имаме продажба на дрвни сортименти и на шумски склад, а според важечкиот Ценовник на цени на главни шумски производи бр.02-1170/2 од 05.12.2014 год.



**Продажба на дрвни сортименти**

Според податоците од месечните извештаи за производство и реализација на дрвни сортименти од подружниците, во периодот од 07-12 месец 2020 година продадена е вкупна дрвна маса од 355.218,38 $м^3$ од кои 58.950,33 $м^3$ се техничко дрво, а 279.698,31 $м^3$ се огревно дрво и 16.569,74 $м^3$ е отпад собран после сеча. Споредбените податоци за остварена продажба на дрвни сортименти со истиот период во 2019 година покажуваат дека таа е намалена во апсолутен износ за 16.560,40 $м^3$. Индексот на остварена продажба на

техничко дрво е 0,98, или во апсолутен износ продажбата на техничко дрво е намалена за 1.033,42 м$^3$, а за огревното дрво со отпад после сеча е 0,95, или во апсолутен износ продажбата на огревно дрво со отпад после сеча е намалена за 15.526,98 м$^3$. Во овој контекст треба да се напомене дека значително влијание на намалувањето на продажбата има појавата на коронавирусот, кога целиот производен процес беше значително редуциран. Што се однесува на економскиот аспект, Ковид 19 на пазарот со дрво и дрвни сортименти предизвика големо пореметување и дисбаланс меѓу производството, пласманот и продажбата. Во ланецот на производство се наоѓаат повеќе пилани во РС Македонија каде до сега го пласиравме техничкото дрво. Но со загрижувачки намалената побарувачка од пиланите, значително се немали и финансискиот прилив, како резултат на значителното влијание на намалувањето на продажбата и остварените приходи.

**Начин на продажба на дрвните сортименти**

Дрвните сортименти се продаваат со: рамковен договор за деловна соработка со годишни договори, годишен договор без рамковен договор и продажба на благајна – малопродажба.
Јавното претпријатие “Национални шуми” – Скопје во декември 2019 година објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2020 година на веб страната на јавното претпријатие.

- Продажба на техничко дрво на правни субјекти со склучување на рамковен договор за деловна соработка со годишни договори со поднесување на апликација, рокот за склучување на рамковни договори беше од 16-31 декември. Врз основа на рамковен договор се поднесува апликација - барање за склучување на годишен договор до 31 декември во тековната за наредната година и рок на склучување годишен договор врз основа на рамковен договор до 15 јануари. Продажба на техничко дрво на правни субјекти со годишен договор (без рамковен договор) со поднесување на барање - апликација најдоцна до 31.12.2019 год. и рок на склучување на годишен договор од 15.01.2020 год. до исполнување на планираните количини на техничко дрво;
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти кои имаат решение за вршење на промет на дрво и дрвни сортименти (склад) со годишен договор (без рамковен договор) со поднесување на барање (апликација) до 31.12.2019 год. со рок на склучување на годишни договори од 01.01.2020 год.(во дирекцијата на ЈП) до исполнување на слободните планирани количини на огревно дрво;
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти (здружени физички лица-членови преку здружение на пензионери, инвалиди на трудот, други здруженија и синдикати на правни лица или правни субјекти кои огревното дрво го користат во процес на производство и затоплување) кои имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2020 година, својот интерес да го достават во вид на барање (апликација) најдоцна до 31.12.2019 год. во подружниците на ЈП, а рокот за склучување на договори беше од 01.01.-10.02.2020 год.;
- Продажба на огревно дрво за физички лица според условите во јавниот повик и тоа:

-продажба на огревно дрво за физички лица: може да се врши најмногу на 6 рати, за што одлука носи Директорот на ЈП, по претходно барање од страна на ПШС. Право на склучување на договорите ќе имаат подружниците во кои се целосно подмирени обврските од изминатите години согласно договорите за физички лица и обврските од сите физички лица кои купиле огревно дрво за домаќинството.
-за социјално ранливи категории на граѓани (социјални случаи, лицата со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители и стечајни работници) и семејствата на бранителите, на вработени кои останале инвалиди на трудот и на вработени кои загинале при работа кои ќе купат огревно дрво во готово им следува попуст од 10%.
-за социјално ранливи категории на граѓани (социјални случаи, лицата со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители и стечајни работници) и семејствата на бранителите можат да купуваат огревно дрво на 8 и повеќе рати без попуст.
Рокот за поднесување на апликација и склучување на договор беше од 16.12.2019 год. (во



подружниците на ЈП) до исполнување на слободните планирани количини на огревно дрво во ПШС или до 31.03.2020 год.; Јавното претпријатие "Национални шуми" – Скопје во декември 2019 година објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2020 година бр.02-1015/1 од 16.12.2019 година на web страната на јавното претпријатие. На основ на повикот реализирана е продажба за период од 07-12 месец 2020 година во количина од 355.218,38 м$^3$ од кои 58.950,33 м$^3$ се техничко дрво, а 279.698,31 м$^3$ се огревно дрво и 16.569,74 м$^3$ е отпад собран после сеча.
Врз основа на повикот за интерес во текот на 2020 година и врз основа на склучените Рамковни договори за деловно-техничка и комерцијална соработка за период од 5 години, со правни субјекти се склучија годишни купопродажни договори за техничко дрво, во кои посебно се регулираа количините на дрвни сортименти за тековната година, квалитетот, цената, динамиката на снабдување, начинот на плаќање и други работи кои се од значење за годишните испораки.
Во период од 07-12 месец 2020 година реализирана е продажба на техничко дрво на ниво на ЈП во вкупна количина од 58.950,33 м$^3$, продадено е огревно дрво и отпад после сеча на ниво на ЈП во вкупна количина од 296.268,05 м$^3$ (огревно дрво 279.698,31 м$^3$ и отпад после сеча 16.569,74м$^3$).

**Залиха на дрвни сортименти**

Залихата на дрвни сортименти по подружници состојба со 31.12.2020 е според Пописниот елаборат - Извештај за извршениот редовен годишен попис на средства и изворите на средства со состојба на 31.12.2020 година кој е усвоен од страна на Управниот одбор на ЈП со одлука бр.02-123/2 од 12.02.2021 година, вкупната залиха на дрвни сортименти на ниво на ЈП "Национални шуми" на 31.12.2020 год. изнесува 47.485,91 м$^3$, од кои во шума е 41,32%, на пат 50,66% и на склад 8,02%. Во однос на истиот период во 2019 година вкупната залиха е намалена во апсолутен износ за 4.814,00м$^3$.
Според сортиментната структура, на техничко дрво отпаѓаат 14.831,89 м$^3$, а на огревно дрво 32.654,08 м$^3$.

**Шумски патишта**

Во периодот од 07-12 месец 2020 изградени се вкупно 91,26 км меки патишта, реконструирани се 233,11 км и извршено е прочистување на постоечката патна мрежа на 953,06 км. За реализација на остварените плански задачи за изградба, реконструкција на патишта и прочистување на постоечката патна мрежа во периодот од 07-12 месец 2020 година потрошени се вкупно 48.941.925 денари со сопствена механизација.

**Приватни шуми**



Работите кои се однесуваат на заштита и користење на приватни шуми го вршат самите сопственици. Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост. Во периодот од 07-12 месец 2020 год. одобрени се вкупно 129.206 м$^3$, од кои на техничко дрво отпаѓаат 15.002 м$^3$ и на огревно дрво отпаѓаат 114.204 м$^3$.
Од вкупно одобрената дрвна маса во овој период реализирано е 14.054 м$^3$ техничко и 130.654 м$^3$ огревно дрво. Средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост согласно важечкиот Ценовник за период од 07-12 месец 2020 год. изнесуваат 35.721.075,00 денари.

**Проста репродукција на шуми**

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите.
Со членот 94 од Законот за шуми, регулиран е начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Сред-

ства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Овие средства се строго наменски и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за изградба на шумски патишта, за техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и изработка на планови за стопанисување со шумите. Потрошените средства за проста репродукција на шумите по вид на извршена работа во периодот од 07-12 месец 2020 годин се во износ од 46.655.594 денари.

**Проширена репродукција на шуми**

Согласно член 95 од Законот за шумите за работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат: субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, како и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и од Буџетот на РМ. Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна Програма што ја донесува Владата на Република Северна Македонија.

Во период од 07-12 месец 2020 година остварен е вкупен приход од проширена репродукција на шумите во износ од 5.925.000,00 денари, согласно предвиденото во Дел III точка 2 од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2020 година (Службен весник на Р.С.Македонија бр.277/19 и 26/20), како и согласно склучениот договор бр.03-14/12 од 12.02.2020 година со МЗШВ, ЈПНШ во целост го реализира предвиденото по горенаведениот договор за отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50ха во државна сопственост во рамките на една ШСЕ преку вештачка обнова со пошумување со садници на површина од 59,25 ха во ПШС „Кајмакчалан“ Битола, ШСЕ „Гола Чука“, во пододделите: 1/б; 2/б,в; 3/в,г; 4/в; 5/д; 21/б и 22/в.

**Заштита на шумите од пожари**

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.

Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиени од: Електронскиот систем MKFFIS и електронските Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба доставени до Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола, евидентирани се 46 пожари во текот на периодот од јули -декември 2020 година.

Вкупно опожарена површина во периодот од јули-декември 2020 год. е 349,26 хектари, а опожарена дрвна маса е 939,00м³ при што е причинета штета од 10.429.900,00 денари. Вкупните трошоци за гаснење на пожарите во периодот од јули -декември 2020 година изнесуваат 631.220,00 денари. Во гаснењето на пожарите учествувале 457 гасначи од кои 346 се вработени во ЈПНШ, а 111 се гасначи од други субјекти.

**Заштита на шумите од шумски штети**

Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети. ЈП „Национални шуми“ преку Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и шумочуварската служба, заштитува:

- Уредена површина на ниво на ЈПНШ 1.051.641 ха
- Неуредена 88.018 ха

или Вкупно се врши заштита на шумите на површина од 1.139.659ха

Во периодот од 07-12 месец 2020 година поднесени се вкупно 223 пријава од кои 36 кривични и 187 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од познат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 183,25 м³. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 229,21 м³ или 271.043,50 ден. вредност според комерцијален ценовник.

Во периодот од 07-12 месец 2020 година поднесени се вкупно 25 пријави од кои 6 кривични и 19 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од непознат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 919,77 м³. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 14.139,83м³ или 11.973.932,90 ден. вредност според комерцијален ценовник.

За жал, нелегалната и неконтролирана сеча на шумите претставува сериозна закана врз еко-системот и намалувањето на шумскиот фонд. Јавното претпријатие работи на детектирање на проблемите и недостатоците, во тек е подготовката на системски мерки со цел конечно решавање на состојбата со бесправното сечење на шумите и нелегалната продажба на огревно дрво.

**Реализирани активности од Инвестиционата програма**

Од 07 - 12 месец 2020 година се следните:

Врз основа на заклучокот од 32-та седница на Владата на РСМ, точка 59, за намалување на непродуктивните расходи поради справување со здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, одржана на 1 април 2020 год., ЈП „Национални шуми“ согласно заклучокот

направи Програма за изменување и дополнување на Годишната Инвестициона програма за 2020 год. на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје, со што ставката НАБАВКА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА беше изземена и планираните финансиски средства за реализирање на Инвестиционата Програма за 2020 год. од 87.063.119,00 ден. се корегираа на 24.399.000,00 ден.

Во втората половина од годината (07м-12м), согласно Програмата за изменување и дополнување на Годишната Инвестициона програма за 2020 год. на ЈП, реализирани се следните набавки:

**I. НАБАВКА НА ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА**

- Во делот на инвестиции во информатичка опрема во второто полугодие од 2020 година, набавена е мрежна опрема, по склучен Договор бр.03-14/382 од 05.10.2020 год. во износ од 999.000,00 ден. без ДДВ. Планираните средства за набавка на мрежна опрема во Програмата за изменување и дополнување на Годишната Инвестициона програма за 2020 год. на ЈП се во износ од 1.000.000,00 ден.
- Во период од 07-12 месец 2020 год објавената постапка по оглас бр.18030/2020 за предмет на договор за јавна набавка на Компјутери и компјутерска опрема е се уште во фаза на реализација. Планираните средства во Програмата за изменување и дополнување на Годишната Инвестициона програма за 2020 год. на ЈП за набавка на Комјутери и комјутерска опрема се во износ од 2.400.000,00 ден.

**II. ОСТАНАТИ НАБАВКИ**

Во делот на останати набавки реализирана е набавка на десет (10) парчиња Опрема за гасење на пожари (пумпи), по склучен Договор бр.03-14/413 од 11.11.2020 год., во вредност од 5.998.000,00 ден. без ДДВ. Планираните финансиски средства за оваа набавка во Програмата за изменување и дополнување на Годишната Инвестициона програма за 2020 год. на ЈП се во износ од 6.000.000,00 ден.

Со Програмата за изменување и дополнување на Годишната Инвестициона програма за 2020 год. на ЈП планирани се инвестиции во вкупен износ од 24.399.000,00 ден., а во второто полугодие реализирани се 6.997.000,00 ден.

Реализацијата на инвестициите, согласно Инвестиционата програма за 2020 година е извршено и се плаќа од сопствени средства, без користење на комерцијални кредити.

**ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ**

Во овој Извештај податоците за остварените резултати од работењето за период 07-12м. 20г. се добиени врз основа на сметководствениот програм со вклучена состојба на залихи на 31.12.2020г.

Според овие податоци, вкупниот приход на ниво на ЈП “Национални шуми” изнесува 1.007.646.945ден., вкупните расходи 992.248.893 ден. и е остварен позитивен финансиски резултат од работењето во износ од 15.398.052денари.

Во однос на планските проекции, планираните приходи се остварени со 78,68%, планираните расходи со 90,45%, па затоа проектираната добивка од 183.561.649 ден. не е остварена, а добивката за овој период изнесува 15.398.052 ден.

Споредбените податоци за остварените приходи и расходи за период 07-12м. 2019г. со истиот период минатата година покажуваат дека оваа година приходите се помали за 17%, а расходите се поголеми за 2%, па затоа и остварената добивка од 15.398.052 ден. оваа година во споредба со минатата кога изнесуваше 233.021.076ден. е помала за 217.623.024ден.

Значително влијание на намалувањето на остварените финансиски резултати во овој период има и појавата на епидемијата со коронавирусот COVID-19, кога целиот производен процес беше значително редуциран, а поради тоа беше намалена и отежната и наплатата на остварените приходи.

Според податоците за продадената дрвна маса и остварените приходи од продажба, за период 07-12м. 2020г. остварена е просечна продажна цена и тоа за огревното дрво – 2.102,31 ден./м$^3$ и за техничкото дрво – 2.792,26ден./м$^3$. Во однос на планските проекции, планираната просечна продажна цена на огревното дрво е помала за 15,43%, а на техничкото дрво е помала за 11,1%. Споредбените податоци со истиот период минатата година покажуваат дека оваа година просечната продажна цена на техничкото и на огревното дрво е помала за 6%.

За период 01.07-31.12 2020г. ЈП има остварено вкупен прилив во износ од 797.641.656ден., вкупен одлив од 821.866.009ден. и негативно салдо од 24.224.353ден. Приливот од компензации изнесува 0ден, што значи дека во овој период од годината нема средства од компензации. Споредбените податоци со истиот период минатата година покажуваат дека оваа година вкупниот прилив е помал за 12%, а вкупниот одлив е помал за 17%. Ефективниот прилив, пак, оваа година е помал за 12%, а ефективниот одлив е помал за 17%.

Гордана Серафимовска



## со D-r Berat Dehari, заменик директор во ЈП Национални шуми

# ОСВРТ КОН АКТУЕЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ

Со Одлука на Управниот Одбор на ЈП Национални шуми , на ден 16.12.2019 година, за заменик директор на ЈП Национални шуми е избран M-r Berat Dehari, правник по професија, Д-р по бизнис администрација



D-r Berat Dehari, правник по професија, Доктор по бизнис администрација со докторат стекнат на Универзитет Американ колеџ -Скопје.

- *Веројатно бевте изненадени со фактот дека доаѓате на функција на заменик директор на претпријатие за стопанисување со шуми, област која Ви беше релативно непозната. На почетокот кажете ни нешто за состојбите кои што ги затекнавте со доаѓањето на функција заменик директор на ЈП "Национални шуми"?*

Во ЈП "Национални шуми" работам повеќе од една година и можам да кажам дека веќе навлегов во начинот на работа во едно од најголемите јавни претпријатија во државата и дека со своето присуство и знаење, почнав да придонесувам во работата. Секако прво требаше да се направи едно резиме за целокупниот начин на работење, пред се на водењето на производниот процес и на финансиското работење. За почеток направивме еден краток преглед-анализа на состојбата во фирмата, за жал, скоро во сите сегменти резултатите беа негативни. Не беше реализиран тековниот план за производство, а од друга страна, што е можеби уште полошо, физичкиот обем на производство во апсолутен износ беше помал во однос на претходната година што покажуваше заостанување во однос на истиот период од претходната година.
Финансиските резултати го следеа истиот негативен тренд што се потврдува со тоа што планираните приходи не се остваруваат, а расходите се реализирани на ниво на планираните, што зборува за лошата финансиска состојба на ЈП.



За жал претходната 2019 година имаше многу шумски пожари. Изгоре целата шума кај Велешко езеро, проблем кој ќе бара секоја година нови вложувања и напори, со што би се забрзало пошумувањето, а потоа, се знае дека природата си го прави своето по својот устален тек. Токму затоа, треба многу да се работи на подигањето на свеста кај населението за значењето на шумите како биодиверзитет кој тешко се обновува и треба постојано и во секој момент да се чува. За жал, нелегалната и неконтролирана сеча на шумите претставува сериозна закана врз еко-системот и намалувањето на шумскиот фонд. Се детектираат проблемите и недостатоците со кои се соочуваат институциите, во тек е подготовката на системски мерки со цел конечно решавање на состојбата со бесправното сечење на шумите и нелегалната продажба на огревно дрво. Ова се само дел од проблемите кои заеднички требаше да ги решаваме.

- *Во интерес на решавање на проблемот со бесправните сечи, учествувавте на Конференцијата „Отпорни граѓани-безбедни шуми",организирана од Евротинк - Центар за европски стратегии.*

Со задоволство можам да кажам дека неодамна бев учесник на Конференцијата „Отпорни граѓани-безбедни шуми",организирана од Евротинк - Центар за европски стратегии, каде што навистина реално и со аргументи се расправаше темата која е рак –рана во работењето на ЈП Национални шуми.

Шумите како природно богатство од општ интерес уживаат посебна заштита и без оглед на сопственоста и намената имаат повеќекратни функции: производна (производство на дрво и други производи од шумата), заштитна (заштита на земјиштето и објектите од ерозија, порои и поплави) и општокорисна функција (кои се во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина). Секоја сеча на дрва која се врши без план и спротивно на законските прописи е бесправна сеча. Бесправните сечи не претставуваат само економски загуби, туку предизвикуваат долгорочни последици по животната средина. Уништувањето на шумите е една од најголемите еколошки катастрофи со кои се соочуваме денес, после загадениот воздух. Со цел да се одвива непречено производство, а без при тоа да се наруши заштитната и општокорисната функција на шумите, особено е значајно да се спроведат мерки и активности за зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, бесправни сечи, пожари, растителни болести и штетници, напасување на добиток и други оштетувања.

Заштита на шумите од бесправни сечи е уредено со Закон за шумите и соодветни подзаконски акти. Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите од 2014 година, чувањето на шумите во државна и во приватна сопственост се врши двостепено и тоа контролно-патролно и реонско. Контролно-патролното чување го врши шумската полиција, додека реонското чување го врши шумочуварска служба во состав на ЈП „Национални шуми"



Согласно правилник за вршење на работите на шумочуварската служба, припадниците на шумочуварската служба се задолжени за чувањето на шумата од бесправни сечи, пожари, растителни болести, шумски штетниции и други непогоди и во рамките на своите ингеренции вршат: преглед на местото каде е извршено бесправното дејствие во шумочуварскиот реон,преглед на превозни средства, привремено одземаат предмети и средства со кои е извршено кривично дело или прекршок. За извршениот прекршок/-кривично дело, припадниците на шумочуварската служба покренуваат постапка против прекршителите пред надлежен орган.

Согласно податоците со кои располага Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, во периодот од 2015 до 2019 година шумочуварската служба на ЈП Национални шуми евидентирала 32.789 нарушувања (бесправни дејствија), при што е утврдено дека е бесправно посечена 123.982,00 м3 дрвна маса и одземени се 6.035,00 м3 бесправно посечена дрвна маса. За сторените бесправни дејства, шумочуварската служба поднела 3.193 пријави пред надлежните

органи, од кои 498 кривични пријави и 2.695 прекршочни пријави.

Податоците за нарушувањата во шумата во однос на бесправното сечење и уништување на дрвната маса се алармантни, се предизвикуваат огромни материјални штети на ЈП „Национални шуми", па согласно тоа нашето претпријатие вложува огромни напори во борбата со криминалот во шумарството. За таа цел се вршат инвестиции во делот на заштитата (набавка на терenski возила, униформи за шумочуварската служба, ГПС -уреди за мапирање), се зајакнува соработката со сите релевантни институции во системот на заштита на шумите, се вршат заеднички контроли и акции со шумската полиција и МВР. Со набавените теренски возила се постигнува повеќенаменска употреба за работа во шума, превоз на вработени, како и употреба на товарниот простор за превоз на потребен алат и други средства за работа на терен. Современите, повеќенаменски возила ќе послужат за разни интервенции во шума, со кои ќе се постигне поголема ефикасност во работењето, ќе се зголеми продуктивноста и мобилноста на работниците.
Само со интегрален пристап кон заштита на шумите од бесправни сечи и екипирање на институциите, може да се намалат финансиските штети како и штетите од аспект на животната средина и екологијата, а сето тоа укажува дека средствата кои се потрошени за намалување на овие штети, преставуваат мала инвестиција во однос на ефектите кои што ќе се добијат од нив.

- *Во периодот на промената на генералниот директор, Вие работевте во консултација со директорот, се до доаѓањето на новата директорка Јулиана Николова, чиј заменик сте сега.*

Да, се работеше за период во кој констатираните клучни проблеми налагаа брзо и неодложно решавање. Нормално дека тоа еден човек со сите права и одговорности што ги има пред себе не може да го направи сам, меѓутоа со постојана координација со постојниот менаџерски тим, како и раководителите на подружниците на ниво на ЈП се работеше на елиминирање на слабостите во работењето со давање на конкретни мерки и задолженија, како и динамика за отстранување на слабостите.
Во тек беше изработката на Програмата за работа и Инвестиционата програма за 2021 година на ниво на ЈП Национални шуми, како едни од најзначајните документи во кои се планираат конкретните задачи кои треба да се остварат во наредната година. Програмата за работа и Инвестиционата програма за 2021 година, беа разгледани на Четириесет и првата седница на Владата на РСМ, одржана на 26 јануари 2021 год., како материјал за информирање и давање согласност на Годишната инвестициона програма на јавното претпријатие, во која се содржани најнеопходните инвестициски вложувања кои директно влијаат на непреченото реализирање на планираното производство и тоа од сопствени приходи.





Согласно планираните количини во Програмата за работа за 2021 год. во фазите сеча и дотур се распиша отворената постапка: шумарски услуги за извршување на фазите сеча со дотур на дрвни сортименти, за која знаеме дека поради недостаток на механизација и стручни лица, поголем процент од предвиденото ја извршуваме со надворешни извршители, односно даватели на услуги.
Врз основа на Повикот за интерес за 2021 год. Јавното претпријатие отпочна на најтранспарентен начин со склучување на купопродажните договори со сите заинтересирани субјекти кои ги исполнуваат условите од повикот. Се отпочна со склучување на рамковните договори за деловна соработка со годишни договори за продажба на техничко дрво на правни лица, годишни договори без рамковен договор за продажба на техничко и огревно дрво со правни лица, понатаму Годишни договори за продажба на огревно дрво на здруженија на пензионери, инвалиди на трудот и синдикати на правни лица, како и продажба на физички лица.
Јавното претпријатие во изминатиот период согласно планираното во Програмата за работа за 2021 година, како и добиените согласности од Министерството за финансии и МИОА, објави јавен оглас за засновање на работен однос на определено време за 409 лица до 31.12.2021 год. за извршување на работи од сезонски карактер. Согласно огласот објавени се и Одлуките за избор на работници на определено време.

- *Како и во сите сегменти на стопанството во државата, така и во ЈП Национални шуми се почувствува влијанието на Пандемијата Ковид 19.*

Во врска со новонастанатата состојба во државата, ЈП Национални шуми од првиот момент ги презема сите потребни мерки и активности за заштита од коронавирус Covid-19. За таа цел, до сите подружници проследени се насоки со предлог мерки за постапување во поглед на организирање на производството во новонастанатите услови. Преку редовно следење на сите заклучоци и мерки донесени од страна на Владата на РСМ и Главниот координативен кризнен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус Covid-19, вработените во претпријатието се редовно информирани за сите состојби кои настануваат на дневно ниво и постапување по истите, со цел за заштита на здравјето на вработените, нивните семејства и пошироко. Според овие насоки, извршена е дезинфекција во сите управни згради и објекти, складови, работилници у други капацитети во сите подружници во ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ. Една од мерките кои се презедоа беше аеродезинфекцијата која се изврши во Кавадарци, Берово и Гевгелија во моментите кога се дозна за присуството на коронавирусот, во март 2020 година, со двете теренски против пожарни возила за гаснење на пожари на отворен простор и шумски пожари. Што се однесува на економскиот аспект, Ковид 19 на пазарот со дрво и дрвни сортименти предизвика големо пореметување и дисбаланс меѓу производството, пласманот и продажбата. Во ланецот на производство се наоѓаат повеќе пилани во РС Македонија каде до сега го пласиравме техничкото дрво. Но со загрижувачки намалената побарувачка од пиланите, значително се намали и финансискиот прилив, како резултат на значителното влијание на намалувањето на продажбата и остварените приходи, бидејќи целиот производен процес беше значително редуциран. Заклучок е дека е значително отежната состојбата на пазарот со дрво и дрвни сортименти.

- *Работата, како и сите започнати активности, мора да се одвиваат. Започнатите проекти продолжија, а некои ја добија својата завршница...*



Сепак, работата мора да функционира и покрај евидентните проблеми со кои се соочувавме така што неколку започнати проекти се приведоа при крај, како што се:

- ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ-Скопје доби СЕРТИФИКАТ за општествена одговорност .

Сертификатот го доделува Здружението за истражување, анализа, стандардизација и сертификација ИААС –Скопје. Сертификатот е со важност од 2 години и го доби ПШС Рамна река- Пехчево.
Сертификатот е доделен за интеграција во sertifikat.eu.mk,електронски систем за сегментација на правни субјекти кои се општествено одговорни и за кои се дава препорака за користење на нивните производи/услуги, сега и во иднина!
Ова е една од придобивките на ЈП Национални шуми на полето на општествена одговорност, како резултат на извршената анализа на Здружението за општествена одговорност. Со направената анализа на компанијата е опфатена грижата за вработените, грижата за животната околина, посветеноста за напредок на општеството, како и позитивниот пристап во соработка со трети компании.
Со овој сертификат, ЈП Национални шуми станува дел од семејството на сертифицирани субјекти во државата.

- *ЈП "Национални шуми" ќе управува со заштитеното подрачје на дел од Осоговските Планини*

Со донесувањето на Одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17.11.2020 година за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата V заштитен предел со кој ќе управува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми ЈП"Национални шуми" се реализира долгогодишната заложба и непрекинати активности на Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов при ЈП Национални шуми во целиот овој процес. Секторот од самиот почеток беше вклучен во сите расправи, преговарања, договарања и носење одлуки во врска со голем број на прашања и проблеми од сите засегнати страни, кои произлегуваа во текот на самиот процес на прогласување.
Ова Одлука претставува голема одговорност и предизвик за нас како ЈП, но со тоа од друга страна се дава можност за отварање нови области за унапредување на нашето работење во насока на одржливо користење на ресурсите и подобрување на состојбата на теренот. Со интегрирано управување и одржливо користење на природните ресурси ќе се зачуваат и унапредат сите природни вредности, биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејсажните, пределните и другите природни убавини заради кои ова подрачје е прогласено за заштитен предел.

- *Во периодот од доаѓањето на оваа функција, до сега остваривте повеќе средби со личности кои би помогнале во решавање на проблемите*

*во претпријатието. Имавте состанок со претставникот на ТИКА-Турска агенција за развој во РСМ, со претседателот на гранковиот синдикат во шумарството, со командирот на Шумска полиција од МЗШВ и со претседателот на Исламската вероисповест, Reisul Ulema H. Хфз. Шакир еф., со кој е потпишан Меморандум за меѓусебна соработка во заштита и чување на шумите.*

Во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 03.03.2021година, беше одржан координативен состанок на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Arjanit Hoxha, заменикот директор на ЈП Национални шуми d-r Berat Dehari, раководителот - директор на ПШС Беласица -Струмица, неколку еколошки здруженија кои работат и се активни во источниот регион на РСМ. На состанокот е договорено, да се преземат активности од страна на ПШС Беласица -Струмица со претставници од локалната власт, за изнаоѓање решение за спорот со месното население од с.Старо Коњарево, општина Ново Село на границата со Р Бугарија, за изградба на предвидениот шумско камионски пат во одделите 1 и 2 во ШСЕ БеласицаI.

• Одржана е работна средба меѓу претставници на ЈПНШ-МЕПСО

На 24.02.2021.се одржа работна средба меѓу генералната директорка на ЈП Национални шуми Јулиана Николова и заменик директорот на ЈПНШ д-р Berat Dehari, со генералниот директор Kushtrim Ramadani, од страна на МЕПСО А.Д.

На средбата се разговараше за деталите околу меѓународниот проект за изградба на Далекуводите-Битола-Ресен-Охрид, кои претежно ќе минуваат низ шумите во овој дел.

Одговорностите и обврските кои произлегуваат од овој проект беа главна тема на оваа работна средба на двете институции.

• На иницијатива на Љупчо Николовски-Заменик на Претседател за борба против корупцијата и криминал, одржлив развој и човечки ресурси, а во врска со нелегалната и неконтролирана сеча на шумите што претставува сериозна закана врз еко-системот и намалување на шумскиот фонд е одржан состанок со Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Сашо Тасевски, директор на Бирото за јавна безбедност, Аница Симонова, раководител на Сектор шумска полиција, Јулиана Николова, генерален директор на Национални шуми и Саша Јовановиќ од секторот за шумарство и ловство при МЗШВ се разговараше за моменталната состојба, при што се детектирани проблемите и недостатоците со кои се соочуваат институциите. На состанокот е формирано координативно тело составено од членови од сите надлежни институции кое во најкус можен рок ќе започне со подготовка на системски мерки со цел конечно решавање на состојбата со бесправното сечење на шумите.

Со комплетно нов, дигитализиран систем и екипирање на институциите се става крај на оваа појава и го спречуваме криминалот со неконтролирана сеча и нелегална продажба на огревно дрво.

• *Кој би бил генералниот заклучок од досегашното работење во ЈПНШ и како се движат Вашите размислувања за подобрување на состојбите.*

Како заклучок на разговорот доколку сакаме да го подобриме работењето, а со тоа и позитивните финансиски резултати на ЈП Национални шуми, ќе се послужам со дел од материјалите (Планови за работа, Годишни и периодични извештаи), изработени од стручни колеги со долгогодишно искуство, кои за во иднина предвидуваат активности, како што се: *Зголемување на производството на вкупната дрвна маса согласно предвидувањата во Посебните планови за стопаниување со шумите преку обезбедување на непречен развој на планираното годишно производство согласно Програмата за работа за тековната година; Да се постигне остварување на планираното производство со зголемување на обемот и квалитетот на производството, а со намалување на трошоците на работењето, имајќи предвид дека претпријатието е на самофинансирање. Ангажирање на обучена работна сила во делот на производството на шумски сортименти, заради рационално користење на шумите и изработка на квалитетни производи со највисока пазарна цена; Зголемување на квалитетот на производство - квалитетно кроење на шумските сортименти; - Воспоставување на шумски ред, со што ќе се олесни дотурот и ќе се направи поефикасен; - Усогласување на динамиката помеѓу трите фази на производство; - Зголемување на процентот на учество на поквалитетни класи кај техничкото дрво, со што ќе се зголеми финансискиот ефект од работењето; Спроведување на ценовникот за продажба на дрвни сортименти; Зголемување и подобрување на квалитетот на производите преку применета на светските стандарди и искуства; Намалување на општите и трошоците на производство и зголемување на економичноста; Примена на нови научни и практични сознанија во технолошките процеси на производството; Зголемувањето на дисциплината во работењето преку вршење контроли и ревизии по подружниците со воведување на добра работна дисциплина.*

Разговорот го водеше: Соња Никчевиќ

# КОНЕЧНО ВО НОВИ ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ВО ПШС "БОР"-КАВАДАРЦИ



*Раководител на ПШС БОР Кавадарци, шум инж. Марјан Иловски*

Основната дејност на Јавното претпријатие "Национални шуми" е стопанисување со шумите за стопанска намена во државна сопственост.
Под стопанисување со шумите се подразбира: планирање и уредување, одгледување, користење и заштита на шумите, со чие извршување јавното претпријатие треба да обезбеди квантитативно и квалитативно зачувување на шумскиот фонд и вредноста на шумите, зголемување на нивниот прираст и општокорисните функции.

Покрај стопанисување со шумите во државна сопственост како основна дејност, Јавното претпријатие врши и други дејности кои се во врска со основните, а придонесуваат за подобро искористување на капацитетите на претпријатието.

Имајки предвид дека шумарството е комплексна стопанска гранка, се наметнува потребата од континуирано инвестирање во изградба на нови и одржување на постоечките шумски комуникации, изградба и реконструкција на градежни објекти, обезбедување на соодветни основни средства, опрема, а со цел за трајно и одрживо стопанисување со шумските ресурси со кои стопанисува ЈП „Национални шуми".

За подобрување на условите за работа на вработените, согласно Инвестиционата програма за 2019 година во делот на изградба и реконструкција на градежни објекти, планирана е реконструкција на горниот спрат на управната зграда во ПШС Бор – Кавадарци.

Управната зграда во која што се сместени вработените изградена е во педесеттите години од минатиот век, од цврст материјал, со стил на градба типичен за своето време, но забот на времето си го направил своето. Иако одвреме-навреме се решавале помали проблеми и тековно се одржувала управната зграда, сепак последните години со прокапувањето на покривот, корнењето и пропаѓањето на дел од фасадата, се укажува неопходна потреба за нејзино реконструирање, односно санирање на најзапуштените делови.

За подобрување на условите за работа на вработените во Подружниците на ЈП "Национални шуми" согласно Годишните Инвестициони програми на Јавното претпријатие исклучиво од сопствени приходи, направена е реконструкција



на трите згради во подружниците во Пехчево, Гевгелија, Струга, Гостивар и сега во Кавадарци. Изведувачот на работите беше избран по пат на јавна набавка и требаше да започне со работа на почетокот на 2020 година, но заради лошите временски услови, појавата и новонастанатата состојба со коронавирусот, Ковид 19, како и спро-

ведувањето на превентивните мерки за заштита од внесување и ширење на вирусот, работата е пролонгирана. Заради комплетно препокривање на покривот потребно беше да има поволни временски услови, но сепак полека и по фази, работата се приведе кон крај.
Постапката за спроведување на овој вид на работа беше делива. Договорот склучен на 12.11.2019 година за Реконструкција на административна зграда во ПШС"Бор" – Кавадарци изнесува 4.914.690,00 денари, а Договорот за Стручен надзор на реконструкцијата склучен на 11.11.2019 година е во износ од 30.000,00 денари.
На покана од раководителот на Подружницата ШС "Бор"-Кавадарци, дипл.шум.инж. Марјан Иловски, ја посетивме подружницата и уште веднаш бевме изненадени од тоа што затекнавме - зграда со целосно нова фасада, убава и подготвена да ги дочека следните 20-30 години.

добие оптимална температура и во периодот на зимските и во периодот на летните температури. Фасадата е израмнета со малтер и по соодветните подготвителни работи и поставување на подлога, истата е изведена со модерен структурен малтер, што на објектот му даде нов, деловен изглед. Отстранети се сите нефункционални делови, направен е нов влез со убава ПВЦ врата. Целиот објект е направен со нови олуци и настрешница, со што целиот објект е заштитен од атмосферски влијанија. Во дел од просториите е извршена санација на малтерот и финална обработка со глет и структурен малтер на ѕидовите, како и изведба на спуштен плафон таму каде било неопходно. Старите и дотраени подови се заменети со модерен ламинат и квалитетни плочки. Комплетно е реновиран и тоалетниот дел со две ВЦ простории, каде е заменета старата инсталација, а потоа комплетно опремени со санитарии и нови плочки.



Тука зборуваме за надворешниот изглед (фасадата), новиот покрив и останатите промени кои се направени, со што се добиени далеку подобри посовремени услови за вработените.
Според зборовите на раководителот на подружницата првично е извршена набавка и замена на старите и дотраени прозорци со нова ПВЦ столарија. Заменети се сите врати на 10-тината канцеларии во кои ќе работат вработените. Извршена е санација на покривот, ревизија и замена на поголемиот дел од олуците за одвод на атмосферската вода, работи кои пред се овозможија да се направи солидна основа за понатамошна работа. „Со оваа инвестиција, вработените во ПШС „Бор" - Кавадарци добија подобри услови за работа во санирана и модернизирана управна зграда, што со оглед на позитивните финансиски резултати кои Подружницата години наназад ги покажува, несомнено е повеќе од заслужено" – заклучи раководителот на ПШС "Бор" –Кавадарци. Следуваше следната фаза-санација на фасадата на зградата која беше во ужасна состојба. Сите оштетени и нестабилни делови од фасадата беа отстранети. Направена е комплетна изолација и на фасадата и на покривот, со што ќе се







Покрај тоа колегите од Одделението за информатичка технологија при дирекцијата на Јавното претпријатие извршија поврзување и определување на локациите на компјутерската опрема, со што подружницата ќе биде поврзана со софтверскиот систем на ЈПНационални шуми. Со привршувањето на ситни финални работи и условно речено “снаоѓање”, за опремување на овој сега веќе убав деловен простор со канцелариски мебел, оваа фаза од реконструкцијата е завршена, а во иднина се надеваме дека и приземјето, кое остана во првобитна состојба, ќе го средиме-нагласи раководителот на ПШС Бор –Кавадарци, дипл.шум. инж. Марјан Иловски.



Инаку, во моментов во подружницата има 125 вработени на неопределено време што во споредба со некои минати години кога имало и по 400-500 вработени е многу малку. Со последниот објавен оглас за вработување на определено време до 31.12.2021година се примени уште 40 вработени на работни места сечачи, дотурачи и шумски работници, што никако не го задоволува бројот, особено на стручни лица-дипломирани инженери по шумарство и шумарски техничари, кои се потребни за оптимално и стручно извршување на работите во процесот на производство на дрвните сортименти. Подружницата се протега на висорамнина со шумски патишта кои се слеваат во еден пат на кој има две контролни рампи, така што бесправните сечи кои се дополнителен проблем во други подружници, кај нас се сведени на минимум. Иста така, голем бенефит е обновата на возниот парк со камионот MAN, модел TGS 33.440 6X4, шумарска изведба, набавен согласно Инвестициона програма на претпријатието во делот на инвестиции во основни средства, како еден од шесте товарни возила со надградба за превоз на





шумски сортименти. Товарното возило врши огромна улога, особено за превоз на техничко дрво, додека останатите машини се во прилично лоша состојба. Мое мислење е дека и покрај појавата и присуството на пандемијата со Корона вирусот која ги поремети сите планови и за која не знаеме до кога ќе трае, како и со подобрување на структурата и бројот на вработените, нашата подружница ќе постигне уште поголеми резултати. Подружница ШС Бор-Кавадарци е една од поголемите во составот на ЈП Национални шуми. ПШС „Бор" - Кавадарци стопанисува со 11 ШСЕ: Рожден I, Рожден II, Клиново I, Клиново II, Кожув I, Кожув II, Дошница III, Витачево, Вишешница, Пролетник и Тиквеш. За тековната 2021 година, можниот етат е 50,904м$^3$, бруто годишниот етат изнесуваше 51.606м$^3$, тоа значи 101,38 проценти на искористување. Од вкупно планираната бруто дрвна маса, согласно предвидувањата во Посебните планови за стопанисување со шуми, планирано беше 23.391м$^3$ техничко дрво, 20.512м$^3$ огревно дрво и 7.703м$^3$ отпадок собран после сеча кој во зависност од застапеноста на дрвните видови изнесува до 14,93%. Во вкупно планираното производство, техничкото дрво учествува со 45,33%, огревното со 39,74% и отпадокот со 14,93%. Најзастапени дрвни видови во вкупната планирана дрвна маса на техничкото и огревното дрво се: буката, елата, белиот и црниот бор, јасиката.

Од планираните и остварени податоци за извршените работи во областа на користење на шумите обработени во Извештајот за работењето за 2020 год. во ПШС „Бор" – Кавадарци е извршена сеча и изработка на 31.082,43 м$^3$ вкупна дрвна маса, од што на техничко дрво отпаѓаат 17.024,16 м$^3$ или тоа е 71% од планираната динамика за техничко дрво, а на огревно дрво отпаѓаат 14.058,34 м$^3$ или 67% од планот за огревно. Споредено со планираната годишна динамика за сеча од Програмата за работа за 2020 год. на

ниво на подружница сечата е извршена со 69%. Во вкупно посечената дрвна маса за период од 01-12 месец 2020 година е влезена и дрвната маса на пенушка во вкупна количина од 2.123,10 м³ огревно дрво, што значи 85% од планот за 2020 година. Во 2020 год. на ниво на подружница, дотурени се вкупно 23.890,10 м³ дрвна маса или 57% од планираната динамика за дотур на вкупна дрвна маса, од тоа на техничко дрво отпаѓаат 14.414,83 м³ или 61% од планираното техничко дрво за дотур, а 9.475,27 м³ или 51% од планот за дотур на огревно дрво. Во текот на 2020 год. извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 8.910,30 м³, или 48% во однос на планираната количина за превоз на вкупна дрвна маса, односно превезени се 46,62 м³ техничко дрво со сопствени камиони или 41% од планираното техничко дрво за превоз и 8.863,68 м³ огревно дрво или тоа е 48% од планираната динамика за превоз на огревно дрво.

Во 2020 год. продадена е вкупна дрвна маса од 31.172,82 м³, од тоа 17.276,48 м³ се техничко дрво, а 13.578,09 м³ се огревно дрво и 318,25 м³ е отпад после сеча.

Што се однесува до економскиот аспект, појавата и присуството на Ковид 19 на пазарот со дрво и дрвни сортименти предизвика големо пореметување и дисбаланс меѓу производството, пласманот и продажбата. Отсекогаш, ПШС Бор- Кавадарци, била столб на финансиската сигурност, рокму атоа што располага со квалитетни штеринари, за кои секоја година имаше обезбеден пласма, а со тоа и прилив на финансиски средства.Во ланецот на производство се наоѓаат повеќе пилани во РС Македонија каде до сега го пласиравме техничкото дрво н еве сега сведоци се за фактот дека трупци има, но пиланите работат со намален капацитет и заржтоа сечата на овој сортимент е намалена. Но со загрижувачки намалената побарувачка од пиланите, значително се намали и финансискиот прилив, како резултат на значителното влијание на намалувањето на продажбата и остварените приходи, бидејќи целиот производен процес беше значително редуциран. Заклучок е дека е значително отежната состојбата на пазарот со дрво и дрвни сортименти.

Соња Никчевиќ



# ПОШУМУВАЊЕ





Во рамките на акцијата се засадени дрвца на места кои се тешко достапни, а се многу важни за околината за задржување на вегетацијата.
Во последните неколку пошумувања учествуваат и општините и други еколошко свесни фирми и граѓани. Таква соработка ЈП Национални шуми започна со започна Општина Кавадарци. Пошумувањето се врши на многу тежок, стрмен терен. Последните три години ЈП "Национални шуми" подружница Бор – Кавадарци во соработка со Општина Кавадарци реализира пошумување во ШСЕ "Тиквеш" оддел 1/б место викано Журов дол. 41ха.
Теренот на кој се врши пошумувањето е стрмен и зафатен од силна ерозија и се наоѓа во близина на с. Ваташа со вкупна површина од 41ха. Во минатото ова било обрасната површина која со тек на времето била деградирана и девастирана од страна на месното население, што довело до уништување на вегетацијата и појава на силна ерозија. Површината се наоѓа во сливното подрачје на реката Луда Мара. Оваа река некогаш била позната и како Велика, затоа што се случувало да надојде и да стане многу голема при што предизвикала неколку поплави од катастрофални размери. Од овие причини пошумувањето на овој терен е од големо значење и за локалното население и за регионот пошироко.
Пошумувањето на оваа површина е започнато во 2018 година пошумени се 3.3ха со 11 000 садници од багрем, 2019 година пошумени се 7ха со 18 000 садници од чемпрес. Во 2020 година се врши пополнување на пошумените површини и пошумување на нови површини и се планира да се пошумат околу 10 000 садници.
Оваа соработка се планира да продолжи и понатаму со цел да се пошуми целата површина и со тоа во иднина да се добие озеленета површина и да се намали можноста за појава на катастрофи од поголеми размери.





# ШУМАТА –ТОА Е НАШАТА ЗЕЛЕНА БАНКА





Овој слоган може слободно да се употреби како лого на соработката на вработените во ЈП,,Национални шуми,, заедно со вработените од ProCredit Bank Macedonia, кои се вклучија во пошумувањето на голини.
ЈП,,Национални шуми,, во соработка со вработените од ProCredit Bank Macedonia на 16.03.2021 година, реализира пошумување на територијата со која стопанисува ПШС,,Бор,, Кавадарци, под мотото ,,Се грижам, делувам, менувам,, .
Локацијата каде се пошумува е аридно – ерозивен терен кој е во склоп на ШСЕ,,Тиквеш,, оддел 1/б место викано Журов Дол,, по течението на реката Луда Мара во КО Ваташа.
Оваа површина е предложена за пошумување бидејќи сливното подрачје на реката Луда Мара е значајно за Кавадарци и околните населени места. Во минатото оваа река неколку пати предизвикала катастрофални поплави, затоа е од голема важност пошумувањето односно озеленувањето на овие површини.
Подготовката на теренот за пошумување се врши со рачна обработка на почвата т.е, со дупчалки.
Пошумувањето ќе се врши со садници од дрвниот вид Cupressus arizonica-аризонски чемпрес контејнерско производство 2+0. Предвидено е да се засадат 2.895 садници.
Целта на ваквите пошумувања и активности е подигање на свеста и вклучување на компаниите и невладиниот сектор во ублажување и намалување на негативното влијание на климатските промени како и во подобрувањето и заштитата на животната средина.
На пошумувањето учествуваше пом.дир. на секторот за одгледување, подигање, екологија и лов, м-р Маре Басова, вработените со Раководителот на ПШС –Бор Кавадарци и преставници од ProCredit Bank.



# 21. МАРТ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ШУМИТЕ



21март – Меѓународен ден на шумите, се одбележува на светско ниво со акции чија цел е ПОДИГАЊЕ на свеста кај населението за значењето и вредноста на шумите со сите нивни општокорисни функции.
Идејата за одбележување на светскиот ден на шумите настанала на седницата на Генералното собрание на Европската земјоделска конфедерација во 1971 година.
Оваа идеја била поддржана и прифатена од ООН за храна и земјоделие и се одбележува во целиот свет.
Шумите се од суштинско значење за опстанокот на луѓето и животните.
Тие се дом и живеалиште за животните, нивен извор на храна и засолниште.
Во шумите има многу лековити билки, важни за здравјето на луѓето. Шумите штитат од поплави, ерозија на земјиштето, произведуваат кислород неопходен за живот, тие чуваат огромни залихи со вода. Затоа треба да се чуваат и негуваат со цела одговорност имајќи го предвид нивното огромно значење за целата животна заедница.
Но за жал, во реалноста не е така. Големи површини под шума се наоѓаат под постојана опасност и ризик од деградација и бесправна сеча. Порастот на температурите на глобално ниво, што го произведува глобалното затоплување, влијае на зголемен ризик од шумски пожари, што бара поголемо залагање за нивната заштита и постојан надзор.Фото бели дробови
Шумите оправдано се нарекуваат бели дробови на Планетата Земја, зашто апсорбираат голема количина на јаглероден диоксид. Шумите ја намалуваат и количината на други штетни гасови, влијаат на намалувањето на ефектот на стаклена градина и на тој начин влијаат во борбата со климатските промени.
Со пошумување на нови површини, се влијае на рамнотежата во природата која е многу битна.
Меѓународниот ден на шумите, 21Март, ја има токму таа цел-да ја подигне свеста за важноста на шумите и значењето воопшто за човештото, а нивното одржливо стопанисување за намалување на сите негативни појави.

**ЗА ДА СЕ ЗАЧУВА-ШУМАТА ТРЕБА ДА СЕ САКА**



# УСПЕШНА РАБОТА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА КОВИД 19

Пандемијата која трае веќе цела година во голема мерка ги поремети вообичаените начини на работа и под итно требаше да се реагира со приспособување на новите услови на работа, и наоѓање начин на избегнување на секојдневна опасност од евентуална зараза со Ковид 19, а се однесуваше пред се, на менување на начинот на менаџирање со расположивиот човечки потенцијал , негово следење и ангажман на вистинско место.с.н



Сите подружници, како и дирекцијата уште од почетокот ги почитуваа и спроведуваа мерките преку редовно следење на сите заклучоци и мерки донесени од страна на Владата на РСМ и Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус Covid-19, вработените во претпријатието се редовно информирани за сите состојби кои настануваат на дневно ниво и постапување по истите, со цел за заштита на здравјето на вработените, нивните семејства и пошироко. Според овие насоки, извршена е дезинфекција во сите управни згради и објекти, складови, работилници у други капацитети во сите подружници во ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ. Една од мерките кои се презедоа беше аеродезинфекцијата која се изврши во Кавадарци, Берово и Гевгелија во моментите кога се дозна за присуството на коронавирусот, во март 2020 година, со двете теренски противпожарни возила за гаснење на пожари на отворен простор и шумски пожари. Што се однесува на економскиот аспект, Ковид 19 на пазарот со дрво и дрвни сортименти предизвика големо пореметување и дисбаланс меѓу производството, пласманот и продажбата. Во ланецот на производство се наоѓаат повеќе пилани во РС Македонија каде до сега се пласи-



раше техничкото дрво. Но со загрижувачки намалената побарувачка од пиланите, значително се намали и финансискиот прилив, како резултат на значителното влијание на намалувањето на продажбата и остварените приходи, бидејќи целиот производен процес беше значително редуциран. Заклучок е дека е значително отежната состојбата на пазарот со дрво и дрвни сортименти.

Следејќи ја работата на подружниците се потврди дека и покрај опасноста за заболување од Ковид 19, вработените си ја вршеа својата работа, адекватно заштитени според препораките, но за жал изгледа дека тоа не беше доволно и на ниво на сите вработени во ЈП имаше голем процент позитивни на Ковид19, а за жал и починати.

ПШС ЛИПА-Крушево ја зедовме како пример на подружница со најмал број на заболени . Иако , како и непознаниците во однос на условите под кои се појави оваа пандемија во целиот свет, така се непознати и условите зошто на некои места има помалку заболени. Овој факт, покрај останатите причини кои ги диктира, пред се раководителот на подружниците, а вработените го следат примерот, се потврдува во ПШС Липа-Крушево. Во краток разговор со шум. инж. Јанче Јанески, раководител на оваа подружница се потврдија претпоставките дека, сепак и во ова време на корона, се постигнуваат планираните резултати, а во случајов и се надминуваат, според неопходност за успешна работа.

“Во подружницата се појави неопходна потреба





од санирање, пробивање и крпење на одделни шумски патишта, од едноставна причина што се закочуваше и забавуваше работата на фазата дотур,како и до местата предвидени за сеча. Изградбата на шумските комуникации-патишта се предвидени согласно посебните планови за стопанисување со шумите и истите се неопходни за реализација на предвидениот етат и планираната програма. Но, тука излегува на површина еден од најголемите проблеми со кои со години наназад се соочува ЈП,а тоа е недостаток на нова, или барем употреблива градежна механизација, што има големо влијание на резултатите на производниот процес. Нашата подружница работи со сопствена механизација која е прилично застарена. Ургентно е потребно да се набават нови машини, бидејќи ние маки мачиме со машини стари и по 40-тина години, а и неколкуте



понови се недоволни да се постигнат резултати во континуитет. Ние, со натчовечки напори, тоа слободно морам да го кажам, користејќи ги поволните временски услови, успеавме, колку толку да изградиме меки патишта во:

- ШСЕ "Мечкин камен -Дивјаци" во должина од 2.28km, а прочистено 6.75 km за 2020 година и уште 1.2 km во производна 2021 година, во истата ШСЕ во текот на зимскиот период, во Оддел: 74/а; 73/а; 72/а;72/б;77/а;77/б

Изградени меки патишта во:

- -ШСЕ "Бирино селце" - Оддел: 77/а; 78/а; 19/а; 80/b; 18/а., значи дека вкупно се изградени 0,7 км меки патишта и извршено прочистување на 10.75км шумски патишта.

Што се однесува до производството на огревно дрво(познато е дека во Крушево и околината се користи претежно дрво за огрев), уште во почеткот на годината склучивме договори за 2021 година , за првото тромесечје за 590 м3, со физички лица од сите категории, каде спаѓаат и физички лица од социјално ранливите категории. Морам да кажам дека веќе трета година го одржуваме трендот на стекната доверба кон месното население да се снабдува со огревно дрво од нашата подружница и складови, што се должи на навремената достава.

Познат е роблемот кој во оваа подружница за жал е евидентен, а тоа се бесправните сечи кои за жал сеуште не се искоренети и покрај огромните напори на сите вработени во поружницата, поддршката на дирекцијата на ЈПНШ. Зголемената соработка и акциските контроли во соработка со МВР и Шумска полиција, во последно време и ажурноста на судската власт и ОЈО кои ги санкционираат прекршителите, што значително ја подобри успешноста во борба со бесправните сечи. Ова е само еден пример дека и покрај пандемијата и тековните проблеми што ги следи оваа ситуација, тековните обврски мора да се извршат, на што побезболен начин и со промена на постоечките начини на работа, како резултат на севкупното и несебично залагање на сите вработени, на што јас како раководител сум благодарен."-ја заврши изјавата за актуелната ситуација со работата во време на пандемија, раководителот на ПШС "Липа "- Крушево, шум.инж. Јанче Јаневски.

С.Н



# ЈУБИЛЕЈ НА СОЗШУ " ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"- КАВАДАРЦИ

Деновиве, учениците и професорите на СОЗШУ " Ѓорче Петров", како училиште и како почитувачи на делото на револуционерот Ѓорче Петров, чие име со гордост го носат слават двоен јубилеј, кој се одбележува со особена радост и гордост. Тоа се 65 годишнина од постоењето на СОЗШУ.

Патрониот празник на СОЗШУ „Ѓорче Петров " се прослави комбинирано во просториите на училиштето и во домот на култура „Иван Мазов – Климе" од Кавадарци. На, 05.03.2021 година во спортската сала, по овој повод, се организираа натпревари по соодветните струки што се застапени во училиштето, како и спортски натпревари во кошарка меѓу екипи на наставници од средните училишта и во одбојка меѓу женски екипи на ученици од средните училишта. Во училиштето, пред бистата на патронот се одржа историски час посветен на животот и делото на Ѓорче Петров,

На 06.03. 2021 година се положи свежо цвеќе на бистата на патронот, а во 17.00 часот во галеријата на домот на културата беше истакната изложба на предмети и слики од активности во училиштето. Во 18.00 часот во големата сала на Домот на култура „Иван Мазов – Климе" Кавадарци започна свечената седница по која следеше богата културно уметничка програма подготвена од учениците и нивните ментори.
Директорот на СОЗШУ " Ѓорче Петров"- Горан Велковски ги поздрави присутните и даде краток осврт на досегашните постигнувања на Земјоделско – Шумарското Училиште и плановите за идните развојни планови на училиштето, а воедно им изрази признание на сите соработници, во знак на благодарност, за помошта и поддршката во возвишената мисија што ја спроведува нашето училиште. Како дел од свечената седница следуваше неофицијален, забавен дел од оваа свеченост кој претставува музичко - балетски и драмски коктел што го подготвија талентираните млади луѓе кои се школуваат во нашето училиште. Беше изведена и целовечерна драмска претстава според делото на Јован Стерија Поповиќ „Покондирена тиква" во адаптација и режија на Микица Илова. Професор Љупчо Бинов, претседател на училишниот одбор, ги додели јубилејните награди за успешна работа во воспитнообразовниот процес во училиштето. По повод Денот на училиштето, во кус разговор со директорот , г-дин Горан Велковски, бевме запознаени со тековните случувања во училиштето, неговата работа во изминатиот период, како и плановите за следниот период.





„Ние како раководна структура во училиштето, не само јас како директор туку и сите други максимално се трудиме да ги подобриме сите аспекти на функционирање на училиштето. Еден дел од тоа е соработката со родителите и Локалната самоуправа кои се вклучени во сите работи кои што се одвиваат во училиштето. Во последните две години зголемена е соработката со стопанските субјекти, имаме склучено меморандум со 10 компании каде што нашите ученици ја изведуваат практичната настава, која, за жал, заради пандемијата е одложена. Како најзначајни би ги истакнал: ЈП Национални шуми, Гоце Делчев и Тиквеш кои не само што им пружија можност на нашите ученици за практична настава туку и ги стипендираа и имаат еден вид загарантирано вработување.




За време на Пандемијата како глобално случување, многумина малку потешко се снајдоа во новите услови на работа. Ние, пак со оглед на ситуацијата со пандемијата и наставата се одвива од далечина, се потрудивме максимално да го искористиме овој период за реконструкција на сите потребни работи во училиштето, кои досега недостасуваа, се разбира со поддршка од Локалната самоуправа на град Кавадарци и од сите меѓународни организации од кои добивме грантови. Конкретно најголема инвестиција е промена на покривот и фасадата, а исто така се изведе замена на подовите во целото училиште, внатрешно се реновираа неколку кабинети, а горди сме и со новата лабораторија изработена за фармацевтската струка која е една од подобрите во државата. Се разбира во периодот кој што следи, додека училниците се празни, ќе се продолжи со подобрување на сите други услови во училиштето.



Во последните години бројот на нови ученици е зголемен за 70%. Се надеваме дека со подобрување на условите оваа бројка ќе се зголеми и ќе привлечеме што повеќе ученици. Во зависност од ситуацијата ќе продолжиме да работиме на подобрување на изгледот на сите кабинети, како и сите останати потреби на училиштето. Нормално училиштето е постојано отворено за сите предлози од ученичката заедница кои редовно се прифаќаат. Ви благодарам за интересот кој го пројавивте во врска со нашата работа и јубилејот кој ги прославивме. Ја користам оваа прилика да им го честитам Денот на училиштето на сите наши ученици, родители и вработени, секако и на нашите драги пензионери, а на студентите во следните периоди од нивното школување им посакувам многу успех.” - изјави директорот на СОЗШУ “ Ѓорче Петров”- Горан Велковски

# ПРОФ. КИРО СПИРОВ (1956 - 2021)





На први април 2021 година заврши животот на Киро Спиров, шумарски инженер, професор и учесник во сите дејности поврзани со шумарството во Македонија.



Беше почитуван во своето опкружување, не само заради стручноста туку и заради својот позитивен став кон животот и луѓето. Беше пријател од доверба секогаш спремен да помогне на секого, безусловно и без предрасуди. Заради својот извонреден дух, духовитост и посветеност беше омилено друштво за секоја прилика. Киро Спиров е роден на 3 јануари 1956 година, во селото Мрзен Ораоевец. Многу беше горд на своето родно место и често раскажуваше за него со нескриена страст. Своето основно образование го завршува во ОУ „Димката Ангелов – Габерот“ Кавадарци. Средно образование учи во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци, каде што подоцна, откако го завршува Шумарскиот факултет на универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, станува професор по стручни предмети.
Ниту еден настан во кое учествува училиштето не е без негово присуство и несебична помош. Тој е еден од зачетниците на изградбата на планинската куќа во Михајлово и на други објекти во училиштето со наставна вредност. Учесник е во многу капитални проекти поврзани со шумарството. Пошумување на голини и ерозивни подрачја, изработка на шумско стопанска основа за наставна шума Михајлово, одговорен за уредување на полигоните за натпревари во шумарски вештини на ниво на држава, ментор на ученици – натпреварувачи и многу други активности. Автор е на учебник по дендрометрија и искористување на шумите кој се користи во средните училишта, добитник на многу награди, трофеи, медаљи и алати кои несебично ги подаруваше на училиштето.

## НАУЧНИ ТРУДОВИ ВО КОИ УЧЕСТВУВАЛ ПРОФ. КИРО СПИРОВ

До самиот крај беше заедно со својата најголема љубов – шумата и и шумарството. Младите генерации кои го имаа задоволството тој да им биде професор, стекнаа не само знаења и вештини туку и љубов и посветеност кон својата струка. Тие млади луѓе засекогаш ќе го паметат и ќе се сеќаваат на неговата личност со пиетет, како стручњак во својата област, но и како голем хуманист. Се надеваме дека неговиот немирен дух ќе најде мир во просторите на вечноста.
Вработените во ЈП Национални шуми, покрај останатото, ќе го паметат по неговото неизбежно учество во организацијата на Деновите на шумарството кои, тогаш, ЈП "Македонски шуми "ги одржуваше секоја година од 1999 до 2008 година. Манифестацијата Денови на шумарството имаше регионален карактер и учествуваа екипи од шумарството на сите јавни претпријатија. Главната цел на манифестацијата беа натпреварите во шумарски вештини, кои се одржуваа на претходно подготвен полигон, во 8 дисциплини каде екипно се натпреваруваа во шумарски дисциплини, екипи од подружниците.
За подготовката на полигонот во сите дисциплини секогаш доброволно беше одговорен почитуваниот професор во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци, Кире Спиров. Асоцијацијата на неговата професионалност, стручност и познавање на практичните вештини, заедно со неговиот неодолив шарм, шеговитост и искреното дружење , останува и ќе остане кај сите кои учествувме во организацијата.
И за тоа БЛАГОДАРИМЕ.

Почивај во мир ПОЧИТУВАН.




подготвила Соња Никчевиќ

# РАБОТА ОД ДОМА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА



Вонредната состојба заради појавата на пандемијата Ковид19, ги доведе фирмите до ситуација кога беше потребно да се пронајде начин, работата и работното место. За да се избегне вработените кои секојдневно доаѓаат на работа да имаат контакти, а се сместени во поголем број во една канцеларија, со што се зголемува опасноста од меѓусебна зараза, во ЈП Национални шуми се направи план за ротирање на вработените и се воведе работа од дома.

Согласно Записникот од Тринаесеттата седница на Владата на РС Македонија, одржана на 20.10.2020 година, за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на корона вирусот, зависно од карактерот на работата, се воведе работа редуцирано задачите кои требаше да продолжат, но во променети услови, надвор од со систем на ротации: преку еден ден, на неделно ниво и работа од далечина (дома).

Ваков тип на работа се применува и во подружниците, зависно од условите за работата, иако таму вработените се повеќе на терен, на свеж воздух, сепак, во поголемите административни средини се применува системот на ротација на вработените, што се покажа како доста ефикасен. Резултатот од



овој нов начин на работа е позитивен, ретко се случува да има незавршени работни задачи, сите завршени извештаи, известувања и дописи редовно се доставуваат по електронски пат до дирекцијата, односно подружниците, како и до сите останати институции.

За работа од дома не се потребни многу алатки и опрема. Само компјутер, мобилен телефон, достапен интернет, но треба сериозно да се сфати, дека работата од дома не е платен одмор, туку, за редовно да се сервисираат потребите треба да се воведе самодисцилина и добра организација на времето и распоредот на работа, во рамките на семејството.

Предноста на работата од дома е заштедата на времето за патување до работа и назад, кое квалитетно може да се искористи со

семејството, се намалуваат трошоците за превоз, се намалува стресот за доцнење на работа и други бенефити. Ова секако, се однесува за административните работници, додека оние кои се на отворено, само треба да внимаваат на заштитата и држењето дистанца.
Работата од дома би можело да донесе долгорочно намалување на трошоците за работодавачите со иста или зголемена ефикасност, заради намалениот стрес на кој се изложени вработените на работното место. И вработените кои треба во интерес на работата и потребите, повремено треба да одат на терен потврдуваат дека работата од дома е можна со комбинација со излегување на терен и повремено доаѓање во фирмата.



Почетокот на работа од дома претставува голема промена во ритамот на животот и секојдневните навики. Нема секојдневно станување и одење на работа, изостанува директниот контакт со соработниците. Се редуцира одењето на терен, состаноците и другите контакти во ресорното министерство и сето тоа се завршува со он-лине состаноци и телефонски разговори. После кусо приспособување на новите услови на работа, целата работа се работи од дома, со ретки посети на претпријатието за редовно извршување на задачите и други неопходни состаноци, почитувајќи ги мерките за заштита (носење маска, одржување на дистанца, одржување на хигиена на рацете).
Што се однесува до условите за работа во домот, секако не се секаде исти. Зборуваме за домаќинства опремени со електронски уреди, компјутер или лаптоп, таблет или




мобилен телефон. Тоа се единствените алатки за непречена работа, но тука е и семејството. Децата ја посетуваат и учествуваат на наставата он-лине и тоа во смени, тука е неопходна повремена контрола на работните задачи, а што се однесува до сопругот и сопругата, идеално би било кога би постоела можност за работа во две смени, со што би била поставена идеална форма на работа.
Но сепак, мерките околу заштитата од пандемијата на корона вирусот во одреден процент го забавија процесот на извршување и континуитет на работа, како во редовното стопанисување со шумите, теренските активности, исто така и во канцелариското (административо работење).
Работниците кои работеа во смени строго ги почитуваа пропишаните мерки на хигиена. Во сите фази на производството, динамиката беше забавена, пред се од технички причини, односно во смисла на бројот на работници кои истовремено одеа на терен со службени возила, притоа држејќи ја пропишаната дистанца. Појавата на пандемијата пред една година, сите ја сметааа за нешто со пократок рок, но како поминуваше времето, мораше да



се даде предност на започнатите или оние делови од работата кои не трпат одлагање, како шумско-одгледувачките мерки, пошумувањето и работите на заштита на шумата, чие заостанување би значело негативни последици врз развојот на шумата. Шумите мора да останат квалитетни, здрави и негувани, со што ќе се зачува нивната одржливост. Според приоритетите кои се наметнуваа со промената преку целата измината година, врз основа на Повикот за интерес за 2021 год. Јавното претпријатие отпочна на најтранспарентен начин со склучување на купопродажните договори со сите заинтересирани субјекти кои ги исполнуваат условите од повикот. Се отпочна со склучување на рамковните договори за



деловна соработка со годишни договори за продажба на техничко дрво на правни лица, годишни договори без рамковен договор за продажба на техничко и огревно дрво со правни лица, понатаму Годишни договори за продажба на огревно дрво на здруженија на пензионери, инвалиди на трудот и синдикати на правни лица, како и продажба на физички лица.

Што се однесува на економскиот аспект, Ковид 19 на пазарот со дрво и дрвни сортименти предизвика големо пореметување и дисбаланс меѓу производството, пласманот и продажбата.

Во ланецот на производство се наоѓаат повеќе пилани во РС Македонија каде до сега го пласираше техничкото дрво. Но, со загрижувачки намалената побарувачка од пиланите, значително се намали и финансискиот прилив, како резултат на значителното влијание на намалувањето на продажбата и остварените приходи, бидејќи целиот производен процес кои беше значително редуциран, а состојбата на пазарот со дрво и дрвни сортименти е отежната. И во најлошите т.н. пикови на пандемијата, производството во шума, како и работата на администрацијата ни за миг не застана. Но, сепак, евидентно е дека, пандемијата предизвика големи загуби во материјално-финансиска смисла, за жал, голем е и данокот во заразени и загубени животи од оваа светска пандемија со корона вирусот. Голем број на вработени во ЈП Национални шуми, беа заразени со вирусот на короната, а не така мал број и починаа од последици на Ковид 19. Масовното вакцинирање, влева надеж дека ќе се стави крај на оваа немила епизода на масовна пандемија на глобално ниво, со надеж и молба до Бога да не се повтори.

Соња Никчевиќ



Фото: Мирза Ченгиќ